З А П И С Н И К

од седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 12.04.2021 во 20:00 часот, во просториите на Агенцијата.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 10 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за седмиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Предлог изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Предлог изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации (усогласување);
5. Барање согласност за превземање на административен службеник;
6. Барање согласност за јавна набавка на услуга за ресертификација на системот за управување со квалитет ISO 9001:2015;
7. Барање согласност за јавна набавка на услуга- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
8. Барање согласност за јавна набавка на услуга- одржување и сервисирање на термотехничка инсталација во административниот објект на АЕК;
9. Барање согласност за јавна набавка на стока-Набавка, транспорт и монтажа на клима уреди во административниот објект на АЕК;
10. Барање согласност за јавна набавка на услуга-Одржување и сервисирање на ПП апарати во деловните простории на АЕК;

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од шестиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, на прашање на Претседателот на Комисијата, Директорот ги образложи потребите за овие измени дека станува збор за веќе постоечко место на кое му треба усогласување, по што сите членови дадоа согласност.

Во однос на точка 4 исто така откако беше образложено од страна на Директорот се даде согласност за ова усогласување.

По однос на точка број 5 Директорот образложи дека станува збор за упразнето место поради пензионирање по што се даде согласност за ова барање.

По однос на барањето согласност за јавна набавка на услуга за ресертификација на системот за управување со квалитет ISO 9001:2015 имајќи во предвид дека е редовна активност на Агенцијата и истата е предвидена во планот за јавни набавки членовите дадоа согласност за оваа набавка.

По однос на барањето согласност за јавна набавка на услуга- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се даде согласност за набавката.

По однос на барањето согласност за јавна набавка на услуга- одржување и сервисирање на термотехничка инсталација во административниот објект на АЕК, се даде согласност.

По барањето согласност за јавна набавка на стока-Набавка, транспорт и монтажа на клима уреди во административниот објект на АЕК имајќи во предвид дека е редовна активност на Агенцијата и истата е предвидена во планот за јавни набавки членовите дадоа согласност за оваа набавка.

По однос на барањето согласност за јавна набавка на услуга-Одржување и сервисирање на ПП апарати во деловните простории на АЕК имајќи во предвид дека е предвидена во планот за јавни набавки членовите дадоа согласност за оваа набавка.

Под точката Разно, немаше дискусија.

Седницата заврши во 21:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член ________________________